# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 25.4.2019 год.<br>Скопје<br>Број 8 год. XIV | Претплатата за 2019 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


април, 2019 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP), со Решение за објавување .......... 1 - 3

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

Се објавува Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP),

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 6. вонредна седница, одржана на 25.4.2019 година.

Бр. 09-2461/3
25.4.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с. р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05; 88/08; 35/11 и 139/14) и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Центар-Скопје на 6. вонредна седница, одржана на 25.4.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за долгорочно домашно задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочното домашно задолжување на Општина Центар-Скопје, кое ќе се оствари преку потпишување Договор за подзаем со Министерството за финансии, во рамките на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 34.595.466,56 денари, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект: Реконструкција на ЈУОДГ „Раде Јовчевски Корчагин“, објект „Пепелашка“, Општина Центар-Скопје, во износ од 28.892.551,56 денари (со вклучен ДДВ) и реконструкција на водоводната мрежа на улица „Велешка“, ДУП Маџир Маало, Општина Центар-Скопје, во износ од 5.702.915,28 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка, под следниве услови:

- каматна стапка: шестмесечен EURIBOR со варијабилен распон
- рок на отплата: 10 години и 6 месеци
- грејс период: до 3 години
- последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.2.2030 година.

Средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска Банка, Општината ќе ги користи по завршувањето на претседателските избори.

**Член 3**

Со стапување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 08-455/6 од 31.1.2019 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2461/2
25.4.2019 година
Скопје

Советот на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.